**20150942933**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 125 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 11.5.2015 година, донесе

# ТАРИФНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИТЕ ПОЕДИНЦИ ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ И ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Македонија” број 116/14) во членот 2 во табелата редниот број 6 се менува и гласи:

“

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела претставува дел од една катастарска парцела)<br><br>За нумерички податоци без теренско мерење во функција на реализација на урбанистички план, експропријација, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела е составена од повеќе катастарски парцели) | / | 2.964 ден.<br><br>2.964 ден.+920 ден.х КП |

“

По редниот број 20 се додава нов реден број 21 кој гласи:

“

<table>
<tr><td>21</td><td>За обележување на граници на катастарска парцела со култура шума со површина до 0,5 Ха</td><td>Ха</td><td>4956 ден</td></tr>
<tr><td>21.1</td><td>За обележување на граници на катастарска парцела со култура шума со површина од 0,5 Ха ÷ 1 Ха</td><td>Ха</td><td>7080 ден</td></tr>
<tr><td rowspan="3">21.2</td><td colspan="3">За обележување на граници на катастарска парцела со култура шума со површина над 1 Ха</td></tr>
<tr><td rowspan="2">• Опфат со површина од 1 ÷3 Ха / 7080 ден + 7080<br>• Опфат со површина од 3 ÷5 Ха / 14160 ден +5664<br>• Опфат со површина од 5-7 Ха / 19824 ден+2124<br>• Опфат со површина од 7-10 Ха / 21948 ден+1416</td><td rowspan="2">Ха</td><td>Max цена</td></tr>
<tr><td>14160 ден<br>19824 ден<br>21948 ден<br>23364 ден</td></tr>
<tr><td>21.3</td><td>За обележување на граници на катастарска парцела со култура шума за опфат со површина над 10 Ха (23364 ден + n*350 ден на секој нареден Ха)</td><td>Ха</td><td>основа 23364 ден + 1Ха х 350 ден.</td></tr>
</table>

“

Член 2

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-6025/8
11 мај 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.